Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 0801-257/4
12.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-257 од 26.08.2019 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку овластеното лице [redacted] против Друштво за производство, трговија, услуги, и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за извршена директна дискриминација врз основа на пол, согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 07.07.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА директна дискриминација** врз основа на пол извршена од страна на Друштво за производство, трговија, услуги, и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 28.06.2019 година беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, преку овластеното лице [redacted] против Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.

Во претставката подносителот наведува дека на 20.08.2019 година Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на нивната фејсбук страна „[redacted] објавиле оглас со следната содржина напишан на латиница: ***„Бараме девојки за работа email:*** [redacted]

Тргнувајќи од конвенцијата на **Меѓународната организација на трудот (МОТ),** Конвенција број 111 која се однесува на дискриминација во однос на вработување и професија од 1958 година, која е ратификувана од Република Северна Македонија во 1991 година, а нејзините вредности се преставени во **Уставот** членот 9 каде што е наведено дека:

*„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите се еднакви“*

и **Законот за работни односи** член 23 кој го регулира јавниот оглас за вработување и член 24 според кој:

*„1) Работодавачот не смее слободно работно место да го објави само за мажи или само за жени, освен ако определениот пол е неопходен услов за вршење на работата*

*2) Објавувањето на слободното работно место не смее да сугерира дека работодавачот дава кај вработувањето предност на определен пол, освен во исклучок од ставот (1) на овој член“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека објавата со ваква содржина преставува **директна дискриминација** врз основа на пол согласно членот 8 од **Законот за спречување и заштита од дискриминација** во кој се наведува:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Од објавата на претпријатието, се гледа дека работодавачот за предвидените работни места преферира да ангажира одреден пол а тоа е во спротивност со членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација каде што јасно е дефинирано дека:

*„**Се забранува** секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, **пол,** род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

Согласно овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврди директна дискриминација по основ на пол,** извршена од страна на Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката **има должност** да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото на еднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава препорака.

**П Р Е П О Р А К А**

Согласно со законските надлежности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дава **препорака за отстранување на дискриминаторската содржина.**

Друштвото за производство, трговија, услуги и превоз [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на нивната Фејсбук страна ,[redacted] веќе ја има отстрането дискриминаторската содржина. Но, и покрај тоа што огласот е отстранет, дискриминаторскиот акт е материјализиран а со тоа е создадена ситуација каде што се случило разликување, исклучување и ограничување што се заснова на дискриминаторска основа и има за цел или резултат спречување, ограничување, признавање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група лица на еднаква основа со други.

Во случај дискриминаторот да не ја отстрани содржината или пак продолжи со таква дискриминирачка практика, напоменуваме дека согласно член 21, став 1, алинеја 17,

Комисијата има право да го следи извршувањето на мислењата и препораките сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## ОПШТА ПРЕПОРАКА

Покрај тоа што овој оглас за работа го прекршува Законот за работни односи и Законот за спречување и заштита од дискриминација, ваквиот оглас поради сексистичката содржина може да влијаат застрашувачки врз учесниците на пазарот на трудот. Покрај другото, ваквите практики се тесно поврзани и со културата на вознемирување на работното место и креирање на култура која промовира разлики во платите.

Нагласуваме дека, огласот за вработување е регулиран со Законот за работни односи и дека како критериум треба да ги поставува професионални квалификации кои ќе ја оценат стручноста и продуктивноста на работникот. Доколку пак огласот како единствен критериум за вработување го наведува полот, тогаш Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во согласност со мандатот и позитивните законски прописи ќе го спречи ширење на ваквите огласи и ќе ги заштити граѓаните од овие дискриминаторски практики.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Изготвил

Кире Василев

**Доставено до:**

-[redacted] Скопје

-Друштво за производство, трговија, услуги и превоз [redacted] увоз-извоз Скопје

Ул. [redacted]000 Скопје